РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 12-3208/2
23.11.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 41-та седница одржана на ден 11 Ноември 2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12- 3271/1 од 25.06.2019 година на подносителот ----------------------- од -------------------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3271 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3271/1 од 25.06.2019 година.

Предметот со број 12-3271 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-3271 од 2019 година е оформен врз основа на пријава 12- 3271/1 од 25.06.2019 година, од познат подносител - физичко лице, --------------- од ------------ со познати адресни податоци, кој на ден 15.07.2019 година до Државната комисија извршил дополна на пријавата со дополнителна прилог документација.

Со пријавата подносителот изразува незадоволство од неизвршена исплата на ------------ – ---------------- ---------- за ------------- од страна на ------------------------- за годините 2011, 2013, 2014 и 2016.

Како причина за неисплата на --------------- за 2010 година подносителот посочува на грешка направена од страна на ---------------- - најверојатно техничка компјутерска грешка при определување на ---------------------- од страна на службите од ---------------------, па имено дека наместо за ----------------------------, подносителот бил/е регистриран како ----------------, па така и се случило да не ги исполнува условите за ----------------------- за која било пополнето неговото барање.

Во врска со пријавениот случај подносителот ја доставува во прилог преписката со/помеѓу --------------------------- и со ----------------------------------. Оваа преписка се однесува на 2017 година, па така ----------------------- - со писмено од ----------------- година го известило подносителот дека од страна на ------------- е направена техничка грешка со внесување на --------------, односно дека требало да биде внесена ------------------------- како и дека барањето на овој подносител било комплетно и соодветно. Ова ---------------, исто така, преку Одделението за --------------------------------- со писмено од ----------------- година ја известило ------------------------- дека при поднесување на барање за ----------------- за 2013 и 2014 година за подносителот –

--------------- била направена техничка грешка за ------------ – така што не била/е одбрана опцијата "ДА" и од тие причини се повикува --------------- истата да биде исправена, а последователно – нешто подоцна, од ----------------------------------------------- – до подносителот на пријавата било доставено писмено од -----------2017 година со кое бил известен дека -------------------- за која поднел барање за 2011 година не постои и го упатува на -----------------------.

Предметната пријава и доставената документација не содржат податоци за тоа дали подносителот користел правни средства во постапката за секоја година поодделно.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава и приложената документација Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата предметната пријава не упатува на коруптивни дејствија - конкретни злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица/ избрани и именувани лица, односно државни и/или административни службеници за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг, а дека во делот на евентуална повреда на правата на подносителот на пријавата истиот имал право и можел своите права да ги заштити со вложување на правни средства пред надлежни органи во Република Северна Македонија.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека пријавата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 11 Ноември 2020 година под број 12-3208/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: К.Н.., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот